Тондах-Македонија
акционерско друштво
Број: 0306-46/1
Датум: 10.09.2007 год.
Виница

# ДОГОВОР
## за купопродажба на метален отпад

Склучен на ден 10 . 09 . 2007 година , меѓу :

1 . " ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА " АД-Виница , со ж-ска бр. 200-0000025445-93 депонент " Стопанска банка " филијала во Виница , со ЕДБ 4005989101036 , застапувано од генералниот директор Серафимов Трајче , во натамошниот текст : ПРОДАВАЧ и

2 . ДОО " ИСТОК-СУРОВИНА " Виница , со ж-ска бр. 240130000246063 , депонент " Уни банка " Кочани , со ЕДБ 4005996100398 , застапувано од управителот Иван Бановски , во натамошниот текст : КУПУВАЧ .

**Член 1**

Предмет на овој договор е купопродажба на метален отпад .

**Член 2**

Продавачот продава , а купувачот купува секаков вид метален отпад по принципот видено-купено и продавачот не одговара за било какви недостатоци на истиот .

**Член 3**

Купувачот го купува металниот отпад од продавачот за цена од 6 денари за килограм , истата е променлива во зависност од пазарните услови и може да се промени само со согласност на двете договорни странки , исклучиво со анекс договор на овој договор .

**Член 4**

Купувачот се обврзува , цената на металниот отпад кој е предмет на овој договор за купопродажба , да му ја плати на продавачот во законски рок од испоставувањето на фактурата , во спротивно ќе му биде засметана законска затезна камата .

**Член 5**

Во случај на спор надлежен за решавањето на истиот е Основниот суд Кочани во Кочани .

**Член 6**

Овој договор се склучува за неопределено време и само негови измени направени во писмена форма предизвикуваат правни последици .

**Член 7**

Овој договор е составен во 4 ( четири ) еднообразни примероци , од кои по 2 ( два ) за секој договарач .

ПРОДАВАЧ | КУПУВАЧ